24

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: | 10-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 2611 | / | / |

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ РАК "БОРКА ЗА СЕКОЈ НОВ ДЕН"- Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

**ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

**Грижа за пациентите со карцином за време на пандемијата COVID-19**

(Име на проектот)

Скопје, 31.01.2021 година

(Место) (датум)



e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-46/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за борба против рак “БОРКА - за секој нов ден”, Скопје |
| Наслов на проектот | Грижа за пациентите со карцином за време на пандемијата COVID-19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.06.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Билјана Додева Христовска |
| Проектен менаџер | Билјана Додева Христовска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 075/396 142 ; biba@borka.org.mk |
| Цел на проектот | Општата цел на овој проект е директна поддршка и помош во надминување на кризата со КОВИД19 кај пациентите заболени од малигна болест во Република Северна Македонија. |
| Целна група | Со реализацијата на овој проект, бенефит ќе имаат две целни групи на граѓани:<br><br>- Пациенти заболени од сите видови малигни заболувања. Хематолошки ракови (леукемија, лимфом, миелом и слично) и солидни тумори односно, онколошки ракови ( рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка, рак на кожа - меланом, рак на гастроинтестинални органи, гинеколошки органи, рак на бели дробови, панкреас, рак на дебело црево, саркоми и сл.)<br><br>- Семејствата на пациентите заболени од малигни болести и оние кои директно се грижат за здравствената состојба и лекување на пациентите со рак |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално на ниво на цела држава и локално во Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 795.434,00ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 1.229.428,00 ден. |

**2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)**

Кога за прв пат во нашата земја се соочивме со КОВИД 19, една од најризичната а воедни и најисплашената категорија на граѓани беа пациентите заболени со малигни заболувања. Да имаш дијагноза рак, сама по себе носи еден куп неизвесности и предизвици, но во тој момент борбата со оваа животозагрозувачка дијагноза беше уште потешка. Огромен беше предизвикот и за сите ние кои се бавиме со оваа тема во здравството, да ја прифатиме новонастанатата ситуација и да се обидеме да функционираме во ново создадените услови.

Обезбедување на навремена и релевантна информација во врска со нивата болест, дали ќе им биде достапна терапијата, дали ќе треба да ја одложат терапиајата, дали ќе стигнат на време во болницата со оглед на полициските часови и карантинот во одредени општини, дали да се одложат контролните прегледи за следење на болеста и сите дијагностички процедури, дали ново -дијагностицираните пациенти ќе можат да се спроведат на хируршките клиники, беа само неколку од причините поради кои стравуваа овие пациенти и нивните семејства. Предизвикот да ги смириме и усогласиме нивните потреби и прашања со новонастанатата ситуација во клиниката за онкологија и клиниката за хематологија беше огромен бидејќи се работи за навистина голема група на граѓани од цела држава кои беа во паника.

Увидовме дека е голема потребата од поддршка и организирање активности со кои би се олеснило функционирањето на овие пациенти, би се заштитила нивната состојба од дополнителни компликации со КОВИД 19, но воедно би помогнале директно борбата против ракот да продолжи. Благодарение на овој проект и поддршката од Владата на Република Северна Македонија која ја препозна важноста за поддршка на нашата мисија, како и досегашната добра соработка со Министерството за здравство, раководителите и докторите од клиникате за хематологија и онкологија, успеавме да го премостиме јазот на информации преку обезбедување на веродостојни, професионални и навреме ажурирани информации за поддршка на овие пациенти и надминување на нивната загриженост и вознемиреност.

На пациентите им се обезбедија континуирана поддршка во однос на информација и едукација во состојба на КОВИД19. Се спроведуваа препораките за мерките за заштита од Министерството за здравство, информациите кои се однесуваа за хронично болните пациенти и информации поврзани со одлуките за здравствената заштита во време на КОВИД19 како и одлуките од МТСП за боледувањата и одлуките за враќање на работното место.

Во директна комуникација со пациентите и членовите од нивното тесно семејство дававме психолошка помош и поддршка, совети за надминување на кризата, и приспособување на новонастанатата состојба со КОВИД19. Исто така се даваа совети за начините на продолжување на терапија, третман, контролни прегледи и следење на болеста во комуникација со раководството на клиниките.

Се организираше доставување на таблетарна терапија на пациентите кои живеат надвор од Скопје. Терапијата им се носеше диркетно во нивниот град со цел избегнување на редиците и гужвите во клиниките, а со тоа и се грижевме за намалување на изложеноста за добивање на вирусот КОВИД19. За времетраење на проектот од јуни до крајот на декември 2020 година, обезбедени беа над 130 пациенти со таблетарна терапија во следниве градови: Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Демир Хисар, Дојран, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Пехчево, Прилеп, Пробиштип, Ресен, Радовиш, Св. Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип

Беше изработен протокол за работа со пациенти со малигни заболувања, за активистите на БОРКА кои ќе работат директно со пациентите (доставување на лекови и перики). Исто така беше набавена заштитна опрема, скафандери, визири, маски и средства за дезинфекција.

Креиравме интернет платформа за пациентите со малигни заболувања во ситуација на КОВИД 19 на веб страната на Борка која ги содржи сите потребни информации. Објавени повеќе статии за влијанието на ковидот и

третманите со рак, за секов вид на рак посебно, објавен е водичи за пациентите со малигни болести кој беше изработен на македонски и албански јазик. http://borka.org.mk/kovid19/

Беше спроведена онлајн анкета за влијанието на КОВИД19 врз пациентите со малигни заболувања. Одговорија 103 испитаници а резултатите укажуваа на тоа дека речиси 90% од испитаниците чувствуваат страв, неизвесност и анксиозност предизвикана од пандемијата. Исто така одговорите укажуваа на тоа дека голем број од контролните прегледи и редовните терапии се одложени за најмалку 3 месеци што претставува сериозно загрозување на здравјето на пациентите. Исто така, скрининг програмите беа одложени за најмалку 6 месеци.

Беше спроведена кампања на социјалните медиуми преку секојдневни објави за навремено информирање на пациентите за сите промени, новости, протоколи, ограничувања или процедури за лекување и контролни прегледи. Досегот изнесуваше и до 300.000 прегледи.

Во овој период продолжи редовното информирање на пациентите за активностите за помош при дистрибуција на онколошка таблетарна терапија а беше обезбеден и Координатор за креирање на листи со пациенти од цела држава за навремена дистрибуција на терапија во време на КОВИД19. Освен 130те пациенти обебедени со таблетарна терапија низ цела држава и повеќе од 100 други услуги кон пациентите со малигни заболувања во ситуација на КОВИД 19.

СОС линијата продолжи да работи со зголемен интензитет и имавме повеќе од 1500 повици на СОС телефонската линија. Беа одржани телефонски состаноци со менаџерите на клиниките и беше одржувана постојана координација за состојбата и проблемите при закажување на дијагностички прегледи. Исто така, редовно комуницирвме со министерот за здравство за горенаведените проблеми и се обидувавме заеднички да се донесат најдобри решенија за пациентите со малигни заболувања. Она што е најбитно да се истакне е дека пациентите со рак, во најголемата криза со КОВД19, не останаа без терапија.

Почетокот на октомври го започнавме со објавување на литературен предизвик на тема "ИМАМ СИЛА ДА ЈА ПОМИНАМ СЕКОЈА ПРЕПРЕКА". Пристигнатите творби требаа да бидат обрајвени на крајот од годината, но поради пандемијата која беше неизбежна и за вработените во БОРКА, истите се одложени и ќе бидат објавени во рамките на Светскиот ден на ракот, 4ти февруари 2021г. на нашата веб страна и социјалните мрежи, а со доделувањето на сертификатите, ќе следи и виртуелен настан со сите учесници на литературниот предизвик.

Во октомври, во целост беше реализирана **13та Национална конференција за рак на дојка,** за прв пат онлајн со вклучени 150 домашни и интернационални учесници.
Во рамки на Националната кампања за Рак на дојка која Борка ја организира редовно секоја година, бевме партнер во организирањето на најголемиот европски спортски настан за подигнување на јавната свест за ракот на дојка „Race for the Cure" и организатор на кампањата во Македонија.

Со министерот за здравство, Доц. Д-р Венко Филипче одржание беа неколку средби и состаноци каде ги презентиравме проблемите со кои се соочуваат пациентите со малигни заболувања во период на КОВИД19. Дефинирана беше потребата за донесување на посебни патеки за ставање во функција на скрининг програмите, дијагностичките прегледи и прегледите за следење на болеста (малигнитетите) со клиниката за радиологија и останатите клиники кои даваат дијагностички процедури. Во септември и ноември со министерот за здравство повторно беа организирани средби со министерот за здравство, на кои беа донесени заклучоци и дефинирани барања од 9 претставници на ПОи и ГОи за ревидирање на правата на хронично болните во состојба на КОВИД19 согласно променетата состојба со пандемијата, како што е ослободување на хроничните пациенти од работа во ситуација на КОВИД19 со одредени критериуми.

Поддршката на овој проект се покажа како оправдана со оглед на позитивните успеси на проектот кој беше од огромно значење и согласно состојбата во нашата земја, сметаме дека треба да продолжи бидејќи пациентите со рак не треба да бидат заборавени во пандемијата со КОВИД19.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
**Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати**

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| А. 1.1 Едукација на персоналот и на лицата кои ќе ги спроведуваат активностите од проектот. | Обука за начините на заштита, носење на заштитна опрема и информирање за сите препораки и мерки пропишани од страна на министерството за здравство при состојба на КОВИД 19. Набавка на заштитна опрема. | Јуни / Јули 2020 | Р.1.1. Создавање на информирани и едуцирани активисти кои даваат услуги и има помагаат на пациентите со рак, едуцирани пациенти со малигни заболувања за начините на здравствена заштита, следење и почитување на мерките и препораките од државните институции. |
| А.1.2. Креирање на протокол за работа за активистите на БОРКА | Информирање и запознавање на корисниците на нашите услуги пред директна комуникација (доставување на лекови и перики). | Јуни/ Јули 2020 | Објавување на истиот протокол за работа со онколошките пациентина платформата. |
| - А.1.3. Креирање на онлајн "Платформа за пациентит со малигни заболувања во ситуација на КОВИД 19" на страната на здружението,<br><br>- А.1.4. Постојано ажурирање на платформата и фејсбук социјалните мрежи со нови информации. | - Дизајн, креирање, обезбедување на навремени информации и препораки од Министерството за здравство, здравствените институции, СЗО, препораки од други европски и интернационални асоцијации кои се занимаваат ро малигните заболувања на тема КОВИД 19<br><br>- Објавување на досегашните видеа и иконографиките кои веќе ги има објавено Министерството за здравство за начините на заштита,носење на заштитната опрема и гришата за време на КОВИД 19. | Јуни- Јули 2020<br><br>Јули - Декември 2020 | - .1.2.Реализирана онлајн Платформа со сите информации за состојбата со КОВИД 19 и малигните заболувања. Информирана пошироката јавност. К Подигнато нивото на заштита.<br><br>- Р.1.3. Надминати и препознаени лажни вести, псеудо информации.. Навремено информирана група на граѓани, пациенти со рак и нивните семејства за работата, функционирањето на здравствените институции, начини на заштита, превенција од КОВИД 19, со акцент на специфичната група на хронични пациенти - пациентите со рак. |
| - А.2.1. Комуникација и состаноци со претставници од институциите (Клиника за онкологија, Клиника за хематологија и др.) и дефинирање на начините на соработка. | - Развивање на партнерство со клиниките за хематологија и онкологија | Јуни- Декември 2020 | - Р.2.1. Подобрена и продлабочена комуникација и соработка со институциите каде се лекуваат пациентите со малигни заболувања во цела држава. Подигнато нивото на партнерство помеѓу невладиниот сектор и институциите. |
| - А.2.2. Иницинрање на создавање на нови протоколи, и дисперзирана дистрибуција на таблетарна терапија во здравствените институции во Северна Македонија | - Состаноци со министерсот за здравство и изработка на барање/ план за работа и доставен до институциите за работа со пациенти со малигни болести во време на Обезбедување на навремени информации за начините на лекување и функционирање на клиниките во однос на сите превентивни програми, и контролни програми за сле.дење на болеста. | Септември 2020 | - Р.2.2. Иницирано донесување на одлуки за подобрување на состојбата на хронично болните доставен до институциите за работа со пациенти со малигни болести во време на КОВИД19 |



e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| - А.2.3. Информирање на пациентите за активностите за помош при дистрибуција на онколошка таблетарна терапија<br><br>- . А.2.4.Дисперзирана дистрибуција на терапија на пациентите со малигни заболувања на ниво на цела држава а со тоа и на услугите од клиниките во сите општини. | - Креирање на листи со пациенти од цела држава. Обезбеден Координатор за креирање на листи со пациенти од цела држава за навремена дистрибуција на терапија во време на КОВИД19.<br><br>- Обезбедени пациенти со малигни заболувања со навремена терапија. Директна соработка со Клиниката за радиотерапија и онкологија и организирана дистрибуција на терапијата во соработка со Црвен Крст<br>- Дисперзирана дистрибуција на терапија на пациентите со малигни заболувања на ниво на цела држава . | Јуни/ Декември 2020 | - Р.2.3. Координирани пациенти кои треба да добија таблетарна онколошка терапија надвор од СКопје.<br><br>- Надминување на ризиците од добивање зараза, надмината неизвесност, патување на пациентит со малигни заболувања во Скопје, контрола на ризикот за зголемена инциденца на КОВИД19 заразени пациенти<br><br>- Р.2.4. Подобрен квалитетот на услуга на пациентите со малигни заболувања во состојба на КОВИД 19 |
| - А.2.5. Одржување средби со менаџери на здравствени институции за начините на функционирање на скрининг програмите.. | - Изработка на соопштение за состојбите за достапноста на скрининг прграмите во ситуација на КОВИД19, начините на функционирање на клиниките во однос на сите превентивни програми и контролни програми за следење на болеста. | Јуни-Декември 2020 | - Р.2.5. Известување до сите граѓани за спроведување на скрининг програмите за превенција и рано откривање на ракот, во ситуација на КОВИД 19 на национално ниво. Обезбедување препораки за понатамошни делувања. |
| - А.3.1. Комуникација со европски здруженија за соработка и споделување на искуствата со КОВИД 19. | - Споделеување на најдобри искуства и препораки за заштита на пациентите со рак во ситуација на КОВИД19 во државите.<br><br>- Изработка на анкета во која учествуваа 12 европски коалиции и здруженија | Јуни - Октомври 2020 | - Р.3.1. Унапредена соработка со европски и интернационални здруженија. Споделени најдобри искуства и препораки за заштита на пациентите со рак во ситуација на КОВИД19 во државите.<br>- Учество на неколку интернационални состаноци, онлајн, комуникација со претставници на здруженија и онлајн предавања/семинари, преведување на брошури за пациенти и сл. (Europa Donna, EORTC, BIG, DICE, ESMO, ESGO/ ENGAGe, MPE, Lumphoma Coalition, Think Pink, MPNE, ECPC, UICC) |
| - А.3.2. Подготовка на Анкета за влијание на КОВИД19 и пациентите со малигни заболувања. | - како пациентите со рак можат да се заштитат од КОВИД 19, кои видови малигни болести се во најризичниата група, кои заштитни мерки треба да ги преземат пациентите заболени од рак, со кои проблеми се соочуваат пациентите, дали имаат терапија навремена, како влијаела состојбата со КОВИД19 на нивната болест и сл. | Август - Септември 2020 | - Р.3.2. Реализирана Анкета за влијание на КОВИД19 , на пациентите со рак<br>- Утврдување на состојбата и потребите на пациентите со малигни заболувања во РСМ |



e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| - А.3.3. Подготовка и печатење на "Водич за пациенти со малигни заболувања со основни информации за КОВИД19",<br>- Печатење на водичот во 500 примероци и негова дистрибуција низ клиниките. | - начините за превенција, симптомите, начините на тестирање во нашата држава, третман, влијанието врз малигните болести, достапноста на терапии и лекување и сите останати информации кои ги засегаат пациентите заболени од рак.<br>- Превод на водичот на албански јазик.<br>- Поставување на водичот на Платформата за пациенти со малигни заболувања во ситуација на КОВИД19 и достапност до сите пациенти онлајн. | Септември - Декември 2020 | - Р.3.3.Издаден Водич за пациенти со малигни заболувања со основни информации за КОВИД19, начините за превенција, симптомите, начините на тестирање во нашата држава, третман, влијанието врз малигните болести, достапноста на терапии и лекување и сите останати информации кои ги засегаат пациентите заболени од рак. |
| - А.4.1. Функционирање на СОС линии за помош и поддршка на пациенти те со рак и нивните семејства. | - Споделено искуство и давање надеж и поддршка во текот на болеста и справување во услови на пандемијата со КОВИД 19. Совети и директна помош од обучен, преживеан пациент со рак. | Јуни/ Декември 2020 | - Р.4.1. Обезбедени СОС линии, секој ден во неделата од 10:00 до 17:00 часот и добиена директна поддршка и совети од пациенти кои веќе се избориле со болеста. |
| - А.4.2. Одржување на онлајн групи за поддршка Олеснето справување со моменталната состојба. | - Споделено искуство и давање надеж и поддршка од психотерапевт и обучени волонтери за во текот на болеста и справување во услови на пандемијата со КОВИД 19 | Јуни-Декември 2020 | - Р.4.2. Добиени совети за помош и надминување на проблемите со болеста во ситуација со КОВИД 19 |
| - А.4.3. Организирање на вебинари/онлајн едукации онлајн со доктори | - Реализација на 3 едукативни сесии за различни видови на рак - прашања и одговори со доктори, | Септември-Декември 2020 | - Р.4.3. Зајакнати и едуцирани онколошки пациенти кои можат да се соочат со состојбата на КОВИД 19 во нашата држава |
| - А.4.4. Организирање на онлајн културни активности (натпревар за најдобра поезија, говење, цртање и сл) | - Можност пациентите да размислуваат надвор од паниката и стравот и да почнат постепено да се интегрираат во социо-општествените активности. | Октомври - Декември 2020 | - Р.4.4. Вклученост на онколошките пациенти во културни настани и дружења |
| - А.4.5 Набавка на нови 20 перики. | - Периките на овие пациенти се доделуваат бесплатно, и тие можат да ги користат во текот на целиот процес додека ја примаат хемотерапијата и не им порасне косата. | | - Р.4.5. Обезбедување со перики на жените кои примаат хемотерапија а се со полош социјален статус. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Еден од проблемите со кои се соочивме во доцнење на спроведувањето на дел од некои активности на проектот беше здравствената состојба на проект менаџерот и проект координаторот, боледување поради Ковид19 и тешката здравствена состоја која предизвика дел од активностите кои беа планирани за Декември да се одложат за почетокот на 2021 година, односно оној момент кога нивната здравствена состојба овозможи повраток на работните задачи.

Дел од обрвските и фактурите кои требаа да се исплатат се случија во месец јануари, бидејќи тоа е дел од нивните работни обврски.

Она кое беше одложено е реализација на крајниот настан за активноста за литературен предизвик на тема "ИМАМ СИЛА ДА ЈА ПОМИНАМ СЕКОЈА ПРЕПРЕКА". Пристигнатите творби ќе бидат објавени во рамките на светскиот ден на ракот, 4ти февруари 2021г. на нашата веб страна и социјалните мрежи, а со доделувањето на сертификатите, ќе следи и виртуелен настан со сите учесници на литературниот предизвик кој наместо за нова година, се одлижија за овие денови. Реално, одржувањето на самиот краен настан не влијаеше на постигнувањето на резултатите од проектот бидејќи сите останати активности течеа непречено. Доставувањето перики, СОС телефонските јавувања и доставата на таблетарната терапија и советоте преку онлајн социјалните мрежи се одвиваа без прекин.

Комуникацијата со министерствата, клиниките не е прекинато и координирани се сите активности согласно протоколите.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Платформа КОВИД 19 и Канцер: http://borka.org.mk/kovid19/ | Над 10000 | | |
| Водич за пациенти: КОВИД 10 и Канцер | | 500 | |
| 13та онференција за рак на дојка | 150 | | Над 10 |
| https://mia.mk/konferenci-a-za-predizvicite-vo-tretmanot-i-lekuva-eto-na-rakot-na-do-ka-za-vreme-na-kovid-19/ | | | Над 10 |
| https://mms.mk/177978/%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D1%82-%D0%B8-%D1%82%D0%BE%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B5-%D0%BD%D0%B5%D0%BC%D0%B0-%D0%B4%D0%B0-%D0%BC%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D1%81%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%B8/ | | | Над 10 |
| https://www.mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-shahpaska-ostanuvame-partneri-vo-podignuvanjeto-na-javnata-svest-no-pred-se-vo-zenskata-solidarnost.nspx | | | Над 10 |
| Настан - средба со Министерот за здравство со БОРКА | 20 | | |
| https://nezavisen.mk/filipche-treba-da-se-reshi-problemot-so-kontrolnite-i-rendgen-pregledi-mamografija-i-eho/ | 20 | | Над 10 |
| Настан - средба со министерот за здравство | | | |
| https://360stepeni.mk/filipche-zakazha-sredba-so-zdruzhenijata-koi-mu-ispratija-predlozi-za-vrakaneto-na-rabota-na-hronichno-bolnite/ | 10 | | |
| https://faktor.mk/filipche-i-zdruzenijata-na-hrinichno-bolni-se-dogovorija-do-23septemvri-e-rokot-da-dobijat-potvrda-od-lekar-specijalist-za-zdravstvenata-sostojba | 10 | | |
| https://mia.mk/pres-zdruzhenie-borka-za-seko-nov-den/ | 20 | | |
| https://zenskimagazin.mk/filipche-chekorime-rozovo-chekorime-so-griza-za-pacientite-so-rak-na-dojka---za-nivna-poddrshka-i-tretman | Повеќе од 100 | | |



e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Присуството на многу видови на рак кај населението во Северна Македонија е многу сериозен проблем. Но од друга страна соочени сме со глобална криза со КОВИД19, во која се прават активости и моментални, краторочни решенија во здравствениот систем, со цел да се помогне и сите граѓани во нашиот здравстен систем.

Кај пациентите со рак, состојбата со КОВИД 19 доведе уште поголема загриженисост и затоа се потребни активности за создавање услови на функционирање на овие, хронично болни пациети и помош при нивното водење низ здравствените услиги во состојба на КОВИД 19. Огромна е потребата за информирање и нивна едукација, психосоцијална помош и поддршка, совети за надминување на кризата, обезбедување на навремени тоцчни информации за надминување на стравот и лажните вести.

Активностите кои БОРКА ги реализираше се во директна корелација со програмите, и ги следат приоритетите предложени во огласот за овој проект. Мерките кои владата ги предлага за информирање на јавноста за следење на препораките на Министерството за здравство, особено важноста на придржувањето кон мерката за самоизолација и задолжително носење на заштитна опрема на лицето, обезбедување на психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија з со посебен акцент наа најзагрозената група, паниентите со рак.

Со министерството за здравство веќе се направени преемилинарни договори за продолжување на таблетарната терапија и дисперзија на здравствените услуги во останатите градови во нашата земја, со тоа што пациентите нема да бидат оставени без услугата и помошта која ја започна нашето здружение во најтешките моменти со КОВИД19 кризата. Предложени се неколку солуции од страна на претседателката на БОРК и истите се прифатени од страна на министерот за здравство. Останува само спроевдување и нивна реализација во нареднава година.

Во последниот квартал од 2020 продолжија редовните активности како што се:

---

- Постојано надополнување на интернет платформа за пациентите со малигни заболувања во ситуација на КОВИД 19 на веб страната на здружението која ги содржи сите потребни информации. Објавени повеќе од 30 статии, водичи и совети за пациентите со малигни болести.
- Континуирана кампања на социјалните медиуми преку секојдневни објави за навремено информирање на пациентите за сите промени, новости, протоколи, ограничувања или процедури за лекување и контролни прегледи. Досегот изнесува над 100.000 луѓе.
- Информирање и координирање на пациентите за активностите за помош при дистрибуција на онколошка таблетарна терапија.
- Обезбедени 150 пациенти со таблетарна терапија низ цела држава.
- Преку 100 обезбедени други услуги кон пациентите со малигни заболувања во ситуација на КОВИД 19 (кои други услуги
- Повеќе од 1550 повици на СОС телефонската линија
- Доделени 75 перики на жени кои примаат хемотерапија. Периките се доделуваат бесплатно со предност на жени со лош социјален статус
- Набавени 25 нови перики и 10 ракавици за лимфедема (15 перики и 10 ракавици за лимфедема се обезбедени со грантот од Владата за горенаведениот проект)



e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

⇨ Редовна комуникација со менаџерите на клиниките и постојана координација за состојбата и проблемите при закажување на дијагностички прегледи.

⇨ Редовна комуникација со министерот за здравство за горенаведените проблеми, обезбедување на тгерапија, примена на одлуката за ослободување од партиципација во ситездравствени центри, продолжување на доставување на таблетарната терапија преку системски решенија, ревидирање на позитивната листа и децентрализација на услугите на онколошките пациенти во Битола, Тетово и Штип. Дел од барањата се веќе прифатени и е во тек нивната имплементација.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

Финансиската конструкција на проектот со кој аплициравме на конкурсот со сите активности изнесуваше 883.815,00 МКД.
Владата за овој грант ни додели финансиска поддршка во износ од 795.434,00 МКД. И буџетот се адаптираше на новата сума во рамките на доделената финансиска по
Додека вкупните трошоци за проектот кои се потрошени изнесуваат 1.229.428,00 МКД. Разликата е 0% во вкупниот износ на трошоци.
Финансиската поддршка на грантот е адаптирана со новата сума, тимот на БОРКА и покрај предвидените трошоци за 5 месеци, услугите и помошта која ја дава на пациентите заболени од рак и нивните семејства ја продолжи до крајот на 2020 година за истата сума предвидена со буџетот се со цел да не запре поддршката на овие пациенти. Согласно потпишаниот договор со владата, сумата доделена со грантот е целосно искористена, а во продолжение се точните трошоци направени при реализација на активностите.

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 385.010,00 | 385.010,00 | -1680 денари разлика |
| **II. Оперативни трошоци** | 62.304,00 | 62.300,00 | + 4денари разлика |
| **III. Директни трошоци** | 349.800,00 | 348.124,00 | +1676 денари разлика |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **795.434,00** | **795.434** | 0% денари разлика |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 31.01. 2021год. Билјана Додева Христовска - Претседател на здружението

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)



e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | **Здружение за борба против рак “БОРКА - за секој нов ден”** | | | |
| Наслов на проектот | “Грижа за пациентите со карцином за време на пандемијата COVID-19” | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 795.434,00 МКД | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | Здружението ја обезбедува канцеларијата на центарот и трошоците за кирија, електрична енергија, вода, и сл. | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 1.229.428,00 МКД | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Проектен Менаџер хонорар со надоместоци и даноци, | 155.555,00 | 137.108,00 | 18.447,00 | 12% |
| Проектен Координатор хонорар со надоместоци и даноци | 116.665,00 | 119.331,00 | -2.666,00 | -2% |
| Менаџер за комуникации и односи со јавност хонорар со надоместоци, даноци и придонеи за плата | 111.110,00 | 128.571,00 | -17.461,00 | -16% |
| Вкупно за I | 383.330,00 | 385.010,00 | -1.680,00 | -0,00 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспортни трошоци месечно (автобуски карти, такси, паркинг и бензин) | 2.500,00 | 2.500,00 | 0,00 | 0% |
| Канцелариски материјали | 2.170,00 | 2.168,00 | 2,00 | 0% |
| Сметководствени услуги | 50.799,00 | 50.799,00 | 0,00 | 0% |
| Одржување на веб страна | 6.835,00 | 6.833,00 | 2,00 | 0% |
| Вкупно за II | 62.304,00 | 62.300,00 | 4,00 | 0% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| А.1.3. Креирање на онлајн “Платформа за пациентит со малигни заболувања во ситуација на КОВИД 19”<br>Дизајн, изработка на дигиталната онлајн платформа | 22.300,00 | 22.222,00 | 78,00 | 0% |
| А.1.4. Ажурирање на Платформата со нови информации.Координатор за подготовка на информации за платформата и социјални мрежи | 13.500,00 | 13.334,00 | 166,00 | 1% |
| А.2.1. Комуникација и состаноци со претставници од институциите. Онлајн претплата за платформа за состанок (Зум), | 3.000,00 | 2.638,00 | 362,00 | 12% |
| А.2.2. Иницирање на создавање на нови протоколи, и дисперзирана дистрибуција на таблетарна терапија во здравствените институции во Северна Македонија. Изработка на предлог план за работа и доставен до институциите за работа со пациенти со малигни болести во време на КОВИД19 | 20.000,00 | 20.000,00 | 0,00 | 0% |